**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1373/**

# З А П И С Н И К

**Од 142-ра седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 23.03.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Снежана Клинчарова. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Мери Попова-уредник Културно-уметничка програма МТВ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 142-ра седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 10:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 141-ва седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

3. Разгледување Информација во врска со престојниот избор за песна на Евровизија 2021.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 141-ва седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 141-ва седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 141-ва седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** запсиникот од 141-ва седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**
Вовед во оваа точка даде Претседателката на советот Смилка Јанеска Саракањац и притоа кажа дека забелешките по однос на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП МРТ од предходните седници на советот се инкорпорирани во овој завршен документ.

По расправата Претседателката на советот Смилка Јанеска Саракањац ја стави на гласање Петгодишна стратегија за развој на ЈРП МРТ.
■**Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Петгодишна стратегија за развој на ЈРП МРТ **е едногласно усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување Информација во врска со престојниот избор за песна на Евровизија 2021.**
По однос на оваа точка свое излгање имаше Мери Попова уредник на Културно-уметничка програма во МТВ.Мери пред присутните кажа дека Васил Гарванлиев беше избран од страна на МРТ минатата година, по пат на интерна селекција, според моделот - еден претставник / со избор на една песна. На Одлуката за избор на Васил Гарванлиев арх.бр. 02 – 361/4 и претходеше дебата во организација на МРТ, на која беа поканети композитори, пејачи, новинари, автори, Евровизискиот фан клуб итн., на која беа анализирани досегашните искуства и беше констатирано дека моделот на интерна селекција на еден пејач/песна, е најдобар модел врз основ на искуствата од некои претходни години, кога претставникот за Евросонг се избираше по пат на победа на Скопскиот фестивал, или на натпревари на повеќе пејачи и автори. На нашиот повик, упатен до многумина (листа на имиња и меил адреси до кого беше упатена Поканата во прилог), присутни беа: Григор Копров-композитор; Александар Ристовски Принц-композитор и пејач; Кристијан Габровски – композитор; Александра Тимковска-новинар; Тина Мицковска-новинар; Мики Дичевски-претставник од евровизискиот фан клуб ОГАЕ, Јошко Бошковски-новинар, Александра Јовановска-новинар, Јана Бурческа – новинар и пејач/претставник.. На истата дебата беа споменати неколку млади пејачи, кои според многу земени параметри би одговарале да ја претставуваат МРТ на Евросонг- сигурен и одличен вокал, став на сцена, одговорен и професионален за соработка. Името на Васил Гарванлиев беше споменато од неколкумина, според неговите вокални способности, а врз основ на минатогодишното позитивно искуство кога Васил беше придружен вокал и носечки столб во пејачкиот тим на Тамара.
Потврда и согласност за погоре споменатото носи Програмскиот колегиум на МТВ на два состаноци: арх.бр 14-6461/1 и арх.бр.14-361/1 .Потоа следуваше Јавен повик до авторите од земјава и од надвор, на кој од пристигнатите се избра песната со која Васил Гарванлиев ќе се претстави на големата евровизиска сцена во Ротердам.

Поради прогласување на пандемијата КОВИД 19, на 18.03.2020 год Изборот за Песна на Евровизија 2020 беше откажан од страна на организаторот ЕБУ и заменет со соодветна телевизиска ревијална шоу програма.
Оваа година, по Програмскиот интерес за учество со арх.бр. 14-4042 и Апликацијата за учество на МРТ предадена на ЕБУ на 14.09.2020, МРТ повторно го избра истиот пејач за свој претставник на Евросонг - Васил Гарванлиев, по примерот на 24 земји учеснички на Евросонг, а по донесениот едногласен предлог од Колегиумот на Прв програмски сервис со арх.бр. 14 – 236/1, беше задолжена работната група за негова реализација. Ова решение кореспондираше со сеуште актуелната пандемија, каде приоритет се стави на отежнатите услови за секојдневно работење во кои се одвива реализацијата на целиот проект, а беше земен предвид и моралниот аспект врз кој му беше ускратена можноста за натпревар минатата година. Веднаш се пристапи кон избор на песна преку јавен повик до авторите од земјава и странство. По интерното преслушување на пристигнатите композиции, од страна на група музички новинари од нашата телевизија и радио (Мери Попова, Маја Трпчановска, Авни Ќаили, Александра Јовановска, Биљана Николовска и самиот Васил Гарванлиев), а според музичките афинитети на претставникот, беше констатирано дека песната „Here I stand“ најдобро му прилега на Васил и ги отсликува неговите вокални и артистични предиспозиции. За сите донесени решенија јавноста беше информирана преку писмени соопштенија, објавени и на нашата веб страница.
Членот Ристе Панов потсети пред присутните дека како тело немаме законско право да укинуваме или повторуваме избор на претставник за песна на Евровизија,тоа што потенцираше Ристе дека МРТ од 2015 години веќе нема донесено Правилник за избор на песна на Евровизија.Ристе потсети дека претставникот со самото потпишување на Договорот за настап на Евровизија се обврзал дека нема да дава изјави со кој ќе наштети на МРТ.
Претседателката на советот Смилка Јанеска Саракањац потсети дека последиците од сево е ова е на Комисијата кој одлучувала и на Директорот на МРТ,а наше како совет е да ги следиме коментарите на јавноста и да постапуваме и да даваме препораки,како и што всушност направивме со расправата на две седници и носењето заклучок.
Членот Златко Јанковски посочи дека оваа година се достигна врвот на скадалите со Евровизија и затоа сум на став дека од наредна година треба да се разработи некој нов начин за избор на претставник за избор за песна на Евровизија,сметам исто така дека сеуште треба да учествуваме на Евровизија меѓутоа со некој поразличен пристап од овој.
Златко во продолжение потенцираше дека советот како тело треба да се дистанцира од одлуката на Менаџментот на МРТ доколку не бидат прифатени нашите препораки од Заклучокот што го донесовме како Програмски совет на МРТ.
Златко додаде и тоа дека кога се појавија скандалите околу Евровизија,МРТ молчеше и го остави Васил сам да дава изјави и да прави грешки што доведоа до поголем антагонизам кај македонскиот народ,исто така кризниот ПР на куќата по објавувањето на скандалите и справувањето на одговорните со ситуацијата беше катастрофално, и токму поради сето ова сметам дека менаџментот на МРТ треба да донесе одлука оваа година да не испрати претставник на Евровизија,како и поради повреда на член 5 од Договорот кој изведувачот го потпишал со МРТ, а кој се однесува на нарушување на имиџот на МРТ.
Ивана Трајковска истакна дека секогаш кога има скандал на Евровизија истиот паѓа на товар само на МРТ, односно дека има многу лоша координација помеѓу МРТ и тимот на претставникот односно неговата продукција, секогаш МТВ чека со денови да се произнесе за било што,и притоа самите артисти влегуваат во ситуации да даваат изјави за настанатата ситуација.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледани одлуки за избор на програмски содржини со бр.14-1311/1 од 17.03.2021 година и Одлука со бр.02-1323/1 од 18.03.2021 година.

Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија после расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да обезбеди и за наредна седница на Програмскиот совет да достави копие од Договорот за дебатната емисија „Објектив"-(прва сезона).
Исто така за наредната седница на Програмскиот совет (26.03.2021г.),се задолжуваат свое присуство да обезбедат членовите на Комисијата за избор на програмски содржини,како и главните и одговорни уредници на Првиот и Вториот програмски сервис на МТВ.

-Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

Седницата заврши во 11:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател